Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 2**

**04.02.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок од Советот на општина Демир Хисар донесен на вонредна седница**

1.Го објавувам Заклучокот од Советот на општина демир Хисар донесен на вонредната седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 02.02.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 156/1** — **Општина Демир Хисар**
**04.02.2015 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — ***Љупчо Блажевски с.р.***

**310.**Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар „Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14“ Советот на општина Демир Хисар на вонредната седница одржана поради состојбата од обилните врнежи на снег и дожд на 31.01.2015 година (елементарна непогода) на 02.02.2015 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се задолжува општината преку своите стручните служби да направи детална анализа и изготви програма-Акционен план за 2015 каде ќе бидат набележани сите критични одводни канали и тесни речни корита на подрачјето на Општина Демир Хисар со динамика на нивно отворање и чистење.

2.Се задолжуваат стручните служби на општината да достават барање во форма на протесно писмо до ЕВН за надминување на проблемот со постојаните прекини на електрична енергија, да се упати препорака за редовно одржување на преносниот систем.

3.Советот и општината ги задолжува службите на општината за информирање на месното население за масовно вклучување во активностите за заштита од поплавите.

4. Надлежните служби на општината во соработка со Кризниот штаб по завршувањето на сите активности околу санирањето на последиците од обилните врнежи на снег и дожд да изготви информација за направените интервенции и санираните работи и да ја достави до Советот.

5. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар

**Бр. 17- 141/2** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**02.02.2015 година** — **Претседател**
**Демир Хисар** — **Јосиф Ристевски с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок од Советот на општина демир Хисар донесен на вонредната седница -----------------------------------1

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**